Виолета АРНАУДОВА

**УДК: 159.942:316.356.2**

# СЕМЕЈНАТА АФЕКТИВНА ВРЗАНОСТ НА АДОЛЕСЦЕНТИТЕ И НИВНИТЕ ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ

***Кратка содржина***

*Во трудот се презентирани сознанија добиени од истражување кое имаше цел да утврди дали постои разлика во степенот на преференција на вредносните ориентации како пожелни атрибути на личноста, меѓу адолесценти со различен образец на семејна афективна врзаност. Истражувањето е спроведено на пригоден примерок од 88 испитаници на 14 и 15 годишна возраст, од Скопје. Семејната афективна врзаност беше мерена со* ***Прашалник за процена на семејната афективна врзаност****, а преференцијата на одредени вредносните ориентации беше мерена со скалата* ***V-PAL.***

*При обработката на резултатите беа користени постапки од дескриптивна статистика, а за тестирање на основната хипотеза баше применета АНОВА. Врз основа на добиените резултати може да се констатира дека основната хипотеза на истражувањето е делумно потврдена. Иако адолесцентите се социјализирани со различен образец на семејна афективна врзаност, во многу поголема мера покажуваат сличности отколку разлики во вредносните ориентации.*

***Клучни зборови***: *АФЕКТИВНА ВРЗАНОСТ, ВРЕДНОСТИ, ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ.*

## Вовед

Во рамки на семејството се одвиваат важни процеси на интернализација, имитација и идентификација, се учат начини на разрешување на конфликти, се усвојуваат моралните норми и се изградува основата на вредносниот систем (Tadić, 1981). Семејството на детето пред сé му пружа заштита, задоволување на потребата за емоционално врзување и лична афирмација и уважување. Покрај тоа, семејството овозможува потомството да се поврзе со општествената заедница и култура, го учи детето да го разбере светот околу себе. Во процесот на социјализација родителите имаат незаменлива и специфична

улога. Родителството кое треба да овозможи успешна социјализација е засновано како на интимност така и на авторитет, а резултат од успешната социјализација е здраво дете (Todorović, 2006).

Родителите, барем до извесна возраст на своите деца, ги одредуваат нормите на нивното однесување настојувајќи кај нив да развијат одредени вредности и одреден начин на живот (Rot, 1999). Афективните односи во семејството на оваа возраст битно се менуваат. Адолесцентите се сé помалку емоционално врзани за родителите а тенденцијата за одвојување и независност е нагласена. За жал, начините на постигнување на тој статус не им се секогаш јасни ниту на адолесцентите ниту на родителите кои често голема важност ѝ придаваат на поврзаноста на членовите на семејството и тешко ја прифаќаат желбата на своите деца за самостојност. Врсниците стануваат важни во животот на младиот човек, а во дружбата со нив тој се дефинира себе си. Сепак, начинот на кој адолесцентите ја развиваат независноста и леснотијата со која ги решаваат конфликтите во голема мера зависат од изградениот однос родител-дете (Hajnić, 2002). Барањата и очекувањата кои ги поставуваат родителите се во спротивност со стандардите кои ги наметнува групата. Ваквата спротивставеност не е толку изразена кога се во прашање блиски и срдечни семејни односи за разлика од ситуации кога цврстиот семеен живот изостанува (Rot, 1987).

Родителите, крути во својот заштитнички и симбиотски став, се соочуваат со бурни реакции исполнети со непријателски чувства, отпори, агресивни испади, страв и депресија. Пред семејството се наоѓа задача да научи да го прифати ваквото одвојување и да пронајде вистинска мера на трпеливост како кон желбата за осамостојувсње, така и кон изразите на непријателство. Ваквиот став е битен бидејќи процесите на оддвојување земаат замав, но тие сепак не се завршени и семејната група и понатаму ја задржува својата улога за која нема сомнение дека е чувствителна. Строгото настојување да се задржат докажаните и традиционални вредности од една страна, води до конформизам, политичка, општествена, религиозна и естетска неплодност. Од друга страна, лабавите настојувања отвораат можност младиот човек да го изгуби јадрото околу кое ќе го изградува својот морален и вредносен систем (Tadić, 1981).

За развојот на личноста на детето најважен момент е чувството на сигурност, чувството дека родителите го сакаат и се грижат за него. Во односите дете-мајка-татко-останати членови се формира личниот идентитет. Многу значајни персонални диспозиции кои се тесно поврзани со формирањето на личниот и социјалниот иденти-

тет на единката се и вредностите. Систематските развојни истражувања со цел да се стекне увид во процесот на формирање на вредностите, покажуваат дека на адолесцентска возраст постои релативно висока конзистентност на реакциите на широка скала на вредносни објекти и содржини, што значи дека адолесцентите веќе имаат формирано одредени вредносни ориентации низ чија призма се гледаат себе си во иднина.

Афективната врзаност, според Џон Болби (John Bowlby, 1907-1990), се карактеризира со специфичен и нерамноправен однос кој во најраното детство се формира помеѓу мајката и детето и трае во текот на целиот живот. Зависно од реакциите на мајката на неговите сигнали, нејзината достапност и осетливост за неговите потреби, детето создава слика за себе како суштество кое повеќе или помалку е достојно за мајчиното внимание и слика за мајката како некој кој е или не е присутен кога му е потребен.

Тие внатрешни модели содржат лични уверувања и очекувања за тоа како работи системот на афективна врзаност и што може да се добие од него. Овие модели ги рефлектираат очекувањата на детето за сопственото однесување и веројатното родителско однесување во различни ситуации. Моделите се релативно стабилни и функционираат автоматски. МОДЕЛОТ ЗА СЕБЕ претставува збир на верувања и очекувања на детето за самото себе, до кои тоа доаѓа врз основа на квалитетот на односот на родителите кон него. МОДЕЛОТ ЗА ДРУГИТЕ претставува збир на верувања и очекувања на детето во однос на другите, заснован на перцепираното однесување на родителите кон него.

Во обидот да ги интегрира и организира емпириските податоци во областа на афективното врзување кај адолесцентите и возрасните, во 1998 год. Ким Бартоломеј го формулира т.н. четири-категоријален модел на афективна врзаност. Со факторска анализа таа идентификувала две димензии кои се во основата на овој модел-*избегнување* и *анксиозност*:

- Димензијата **избегнување** се однесува на способноста или неспособноста за блискост со другите луѓе. Оваа биполарна димензија ги споредува аспектите на сигурните и избегнувачките описи. На едниот екстрем на оваа димензија се наоѓа *прифаќање* а на другиот *отфрлање* на блискоста.
- Димензијата **анксиозност** се занимава со централните теми на амбивалентното однесување како што е грижа поради љубов, грижа поради можно напуштање и потреба за голема блискост. Станува збор за димензија на чиј еден пол има

*ниска* а на другиот *висока* анксиозност која е репрезент на внатрешниот работен модел за себе.

Со вкрстување на овие димензии со внатрешните работни модели се добиваат четири главни стилови на афективна врзаност: ***сигурен, избегнувачки, преокупирачки и плашлив***.

Низ образованието, низ односите во секојдневните интерперсонални ситуации, како и под влијание на изложеноста на масовните медиуми, просечниот адолесцент се запознава со цел дијапазон на вредности својствени на културата на неговата средина и времето во кое живее. Вредностите со себе носат поширок или потесен дијапазон на цели, стандарди, аспирации и постигнувања. Самото знаење за целта за која се врзува пожелност, адолесцентот го доживува како определување, како вредност кон која тежнее. Претставата или замислата за целната состојба, доживувањето или исходот кои го следат остварувањето на одредена цел почнуваат да функционираат како вредносна насоченост, како чинители кои го обликуваат однесувањето. Некогаш вредносните ориентации со кои експериментира адолесцентот се поклопуваат со вредностите кои се во склад со условите во кои живее – со климата во семејството, училиштето, социјалното опкружување, а некогаш се поинакви па дури и во голема мера спротивни со сѐ што адолесцентот може да види околу себе. Со тек на време некои од ориентациите со кои се запознал и со кои експериментирал, стануваат динамички својства на неговата личност, чинители на неговото однесување во приватниот и во јавниот живот. Во адолесценцијата постојат бројни очекувања во однос на иднината. Некои се однесуваат на идната професија, а некои на социјалната положба, условите и начинот на живот, бракот, семејството и слично. Таквите очекувања се проникнати со одредени вредности или вредносни ориентации, насочени кон одредени цели, аспирации, стандарди на однесување и начини на живот.

Опфатното проучување на формирањето на вредностите во адолесценцијата би морало да се соочи со фактот дека психофизичкиот и психосоцијалниот статус на адолесцентот како поединец се менува од ден на ден, додека нивниот реален социјален статус во семејството, училиштето и општеството се менува бавно, дисконтинуирано и изразито неурамнотежено (Havelka, 2000).

Во психологијата типично е со терминот вредност да се означуваат трајни или релативно трајни диспозиции на личноста одредени објекти, класи на објекти и ситуации да ги перцепира, толкува и оценува на начин кој ги чини пожелни и во склад со таквото доживување да се однесува кон нив. Терминот вредносна ориентаци-

ја, во однос на поимот вредност на кој семантички се потпира, може да има две значења. Прво, синтагмата „вредносна ориентација" ги означува оние вредности кои се во процес на *формирање,* за кои особата е засилено *сензибилизирана* и кои сè повеќе почнуваат да влијаат на вреднувањето на одредени класи на искуствени содржини. Второ, истата синтагма може да означува вредности кои влегле во фазата на генерализација, кои станале водечки животни ориентации, односно почнуваат да се манифестираат и во домени во кои биле доминантни други вредности.

Според првото значење, вредносната ориентација (сознајна, утилитарна, алтруистичка) се сфаќа како внатрешна тенденција која во извесна мера ја зголемува веројатноста дека личноста на одредени објекти или ситуации ќе реагира во склад со одредени општествени стандарди или цели. Доколку низ процесот на социјално учење таа внатрешна тенденција се артикулира и стане стабилен дел на структурата на личноста, тогаш веќе не би се работело за „вредносна ориентација" туку за „вредност" (Havelka, 2000).

Второто значење, кое не мора да е нужно неспоиво со првото, се сретнува во ситуации во кои со тој термин се означуваат вредности кои се јасно и цврсто оформени, но кои заради своето значење во вредносниот систем на личноста зазеле централно место, односно се манифестираат во домени покриени од други вредности. Во тој случај поимот вредносна ориентација се однесува на вредност која во текот на своето функционирање добила карактер на општ или генерализиран евалуативен стил, најопшта детерминанта на вреднување на сè што личноста доживува или прави. Вака сфатена вредносната ориентација означува трајна или релативно трајна интеграција на различни, помалку или повеќе специфични вредности и други динамички диспозиции (потреби, желби, интересирања, ставови, сентименти) и чини единствена вредносна структура (Havelka, 2000).

Во овој труд прифатено е првото значење на поимот вредносна ориентација, бидејќи предмет на интерес се вредносните ориентации кај адолесценти, за кои секоја вредност е најнапред сознаен предизвик-предмет на перцепирање, експериментирање и разбирање, но со можност да стане динамичко својство на нивната личност во иднина.

## Методологија

Истражувањето има цел да утврди дали кај адолесцентите со различен образец на семејна афективна врзаност постојат разлики

во преференциите на вредносните ориентации како пожелни атрибути на нивната личност во иднина.

Спроведеното истражување вклучува две варијабли: *семејната афективна врзаност* и *вредносните ориентации* кај адолесцентите како пожелни атрибути на личноста. Претпоставена независна варијабла во ова истражување е ***семејната афективна врзаност*** која се однесува на чувствата кои субјектите ги поседуваат во односите со семејството во целина, а не со некои членови одделно. Операционализирана е преку ***Прашалникот за процена на семејната афективна врзаност*** конструиран од Brenan, Clark и Shaver (Stefanović–Stanoević, 2004).

Овој прашалник мери две биполарни димензии: *сигурност-анксиозност* и *блискост-избегнување*. Првата димензија се однесува на стравот од напуштање и потребата за екстремна блискост, додека втората се однесува на непријатноста од преголемо зближување. Со комбинација на скоровите добиени на овие две димензии испитаниците се сместуваат во четири однапред определени обрасци на семејна афективна врзаност:

1. **Сигурен образец на семејна афективна врзаност** – одреден е со позитивен модел за себе и позитивен модел за другите (ниска анксиозност и ниско избегнување). Овие лица имаат способност да уживаат и во личната автономија и во односите со другите. Рамнотежата помеѓу потребата за припаѓање и потребата за автономија е квалитет стекнат уште во детството.
2. **Избегнувачки образец на семејна афективна врзаност** – се карактеризира со позитивен модел за себе и негативен модел за другите (ниска анксиозност и високо избегнување). Поради негативните очекувања кои ги имаат во однос на другите, овие лица избегнуваат близина со луѓето, но го одржуваат чувството на сопствена вредност, негирајќи ја вредноста на блиските односи а нагласувајќи го значењето на независноста.
3. **Преокупирачки образец на семејна афективна врзаност** – одреден е со негативен модел за себе и позитивен модел за другите (висока анксиозност и ниско избегнување), па поради тоа се јавува длабоко чувство на сопствена безвредност. Овие лица се карактеризираат со силна зависност од другите со цел да ја одржат позитивната слика за себе. Позитивниот модел за другите ги мотивира својата вредност да

ја потврдуваат низ остварување на блиски односи со луѓето од својата околина.

4. **Плашлив образец на семејна афективна врзаност** – дефиниран е со негативен модел за себе и негативен модел за другите (висока анксиозност и високо избегнување). Овие лица имаат длабоко чувство дека не вредат и се високо зависни од другите, но нивните очекувања од другите се негативни. Поради тоа избегнуваат остварување на блиски односи со другите луѓе, сè со цел да ја избегнат болката заради потенцијален губиток и отфрлање.

Претпоставена зависна варијабла во спроведеното истражување се ***вредносниѿе ориенѿации*** кај адолесцентите ***како ѿожелни аѿрибуѿи на личносѿа*** во иднина. Своите преференции во поглед на оваа варијабла испитаниците ги изразија пополнувајќи ја скалата ***V-PAL***, конструирана од Havelka, која опфаќа две групи на вредносни ориентации: индивидуални и социјални. **Индивидуалните** првенствено се насочени кон сопствената добросостојба. Интеракцијата со другите во нивното остварување се појавува првенствено како средство или инструмент, а не како нивна важна содржина или смисла. Овие вредносни ориентации можат да се поделат во две потесни групи: **1**. Вредносни ориентации со претежно материјален, утилитарно-хедонистички карактер (*сиїурносѿ, зарабоѿка* и *ѿријаѿносѿ*), и **2.** Вредносни ориентации на сопствената личност, на саморазвојот и самореализацијата (*самосѿојносѿ, лично усовршување* и *релиїиозносѿ*). **Социјалните** вредносни ориентации првенствено се насочени кон социјални цели или цели чие остварување подразбира интензивна непосредна или посредна интеракција со други луѓе. Зависно од улогата што ја имаат во непосредните меѓучовечки односи можат да се поделат во две подгрупи: **1.** Вредносни ориентации кои се социјални заради тоа што се остваруваат низ интеракција со другите, но психолошки се многу поблиски до вредносните ориентации насочени кон индивидуални цели. Тоа се вредности кои изразуваат висока пожелност на лична моќ, личен статус и лична компетентност (*влијаѿелносѿ, ѿоѿуларносѿ* и *сознавање*), и **2**. Вредносни ориентации кои се од социјално-инструментален карактер бидејќи првенствено се манифестираат во активности кои донесуваат добросостојба на луѓето, било на поединци, на групи или на луѓето воопшто (*сорабоѿка, ѿомаїање* и *ѿраведносѿ*)

Во согласност со поставениот проблем на истражување дефинирана е **основната хипотеза** која гласи:

**Постои разлика во преференцијата на вредносните ориентации, како пожелни атрибути на личноста, кај адолесцентите социјализирани во услови на различна семејна афективна врзаност.**

## Метод

Истражувањето е спроведено на пригоден примерок кој брои вкупно 88 испитаници (45 машки и 43 женски), сите ученици во прва година во СГГУ „Здравко Цветковски“ – Скопје.

За утврдување на образецот на семејна афективна врзаност применет е ***Прашалник за проценa на семејната афективна врзаност*** конструиран од Brenan, Clark и Shaver во 1995 год. Прашалникот се состои од 18 тврдења кои се однесуваат на чувствата во семејните односи имајќи го во вид семејството во целина а не некои членови одделно. Степенот на согласување со секое од тврдењата испитаниците го изразуваа на седумстепена скала која се движи од 1-што значи „Воопшто не се сложувам“, преку 4-што значи „Не сум сигурен“ до 7-што значи „Во потполност се согласувам“. Врз основа на резултатите од прашалникот испитаниците се категоризираат во еден од следните обрасци на семејна афективна врзаност **сигурен, избегнувачки, преокупирачки и плашлив.**

Преференциите на испитаниците на различни вредносни ориентации се испитани со помош на ***V-PAL*** скалата-***Скала на вредносни ориентации како пожелни атрибути на личноста***, конструирана и адаптирана од страна на Havelka и соработниците. Скалата содржи 12 описи на исто толку различни вредносни ориентации. На петтостепена скала на која 1-значи „Воопшто не сакам“, 2-значи „Главно не сакам“, 3-значи „Умерено сакам“, 4-значи „Сакам во голема мера“ и 5-значи „Сакам во најголема мера“, испитаниците го изразуваа степенот до кој би сакале да бидат личност како онаа за која се зборува во описите.

Статистичката обработка на добиените скорови за двете варијабли е направена со користење на следниве статистички постапки: мерки на централна тенденција, мерки на варијабилност, АНОВА.

## Резултати

За да стекнеме увид во начинот на кој различните обрасци на семејна афективна врзаност се дистрибуирани во адолесцентската

популација податоците најпрво беа обработени со методи од дескриптивна статистика. Доминантен образец на семејна афективна врзаност кај адолесцентите опфатени со примерокот е сигурниот (68%), додека избегнувачкиот (16%) и преокупирачкиот (11%) се застапени значително поретко, а пак плашливиот образец на семејна афективна врзаност има најмал процент на застапеност (5%).

Во табелите бр. 1а и 1б прикажани се дистрибуциите на процентите за секоја од испитуваните вредносни ориентации кај адолесценти со различен образец на семејна афективна врзаност.

**Табела бр. 1а** Вредносни ориентации кај адолесценти со различен образец на семејна афективна врзаност

| Вредносни ориентации | Обрасци на семејна афективна врзаност | Релативно учество на оценките | | | | | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| *Религиозност** | Сигурен | 6.7 | 11.7 | 41.7 | 25.0 | 15.0 | 3.30 | 1,078 |
| | Избегнувачки | 7.1 | 14.3 | 28.6 | 28.6 | 21.4 | 3.43 | 1.222 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 10.0 | 30.0 | 10.0 | 50.0 | 4.00 | 1.115 |
| | Плашлив | 25.0 | 25.0 | 0.0 | 0.0 | 50.0 | 3.25 | 2.062 |
| *Заработувачка** | Сигурен | 0.0 | 3.3 | 23.3 | 26.7 | 46.7 | 4.17 | 0.905 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 7.1 | 14.3 | 42.9 | 35.7 | 4.07 | 0.917 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 10.0 | 20.0 | 20.0 | 50.0 | 4.10 | 1.101 |
| | Плашлив | 0.0 | 0.0 | 25.0 | 25.0 | 50.0 | 4.25 | 0.957 |
| *Помагање* | Сигурен | 0.0 | 1.7 | 18.3 | 25.0 | 55.0 | 4.33 | 0.837 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 28.6 | 71.4 | 4.71 | 0.469 |
| | Преокупирачки | 20.0 | 0.0 | 10.0 | 10.0 | 60.0 | 3.90 | 1.663 |
| | Плашлив | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 100 | 5.00 | 0.000 |
| *Самостојност** | Сигурен | 1.7 | 8.3 | 11.7 | 35.0 | 43.3 | 4.10 | 1.020 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 7.1 | 28.6 | 21.4 | 42.9 | 4.00 | 1.038 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 0.0 | 10.0 | 40.0 | 50.0 | 4.40 | 0.699 |
| | Плашлив | 25.0 | 0.0 | 0.0 | 50.0 | 25.0 | 3.50 | 1.732 |
| *Праведност* | Сигурен | 0.0 | 3.3 | 23.3 | 35.0 | 38.3 | 4.08 | 0.869 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 0.0 | 7.1 | 42.9 | 50.0 | 4.43 | 0.646 |
| | Преокупирачки | 20.0 | 0.0 | 10.0 | 20.0 | 50.0 | 3.80 | 1.619 |
| | Плашлив | 0.0 | 25.0 | 0.0 | 75.0 | 0.0 | 3.50 | 1.000 |
| *Пријатност** | Сигурен | 0.0 | 0.0 | 5.0 | 10.0 | 85.0 | 4.80 | 0.514 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 0.0 | 14.3 | 0.0 | 85.7 | 4.71 | 0.726 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 0.0 | 10.0 | 30.0 | 60.0 | 4.50 | 0.707 |
| | Плашлив | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 25.0 | 75.0 | 4.75 | 0.500 |

* Вредносни ориентации кои првенствено се насочени кон индивидуални цели

**Табела бр. 1б** Вредносни ориентации кај адолесценти со различен образец на семејна афективна врзаност

| Вредносни ориентации | Обрасци на семејна афективна врзаност | Релативно учество на оценките | | | | | M | SD |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | |
| ***Сознавање*** | Сигурен | 20.0 | 8.3 | 25.0 | 28.3 | 18.3 | 3.17 | 1.380 |
| | Избегнувачки | 7.1 | 7.1 | 7.1 | 50.0 | 28.6 | 3.86 | 1.167 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 20.0 | 30.0 | 20.0 | 30.0 | 3.60 | 1.714 |
| | Плашлив | 0.0 | 0.0 | 100 | 0.0 | 0.0 | 3.00 | 1.414 |
| ***Влијателност*** | Сигурен | 0.0 | 11.7 | 41.7 | 28.3 | 18.3 | 3.53 | 0.929 |
| | Избегнувачки | 7.1 | 7.1 | 14.3 | 21.4 | 50.0 | 4.00 | 1.301 |
| | Преокупирачки | 10.0 | 10.0 | 10.0 | 30.0 | 40.0 | 3.80 | 1.398 |
| | Плашлив | 0.0 | 25.0 | 0.0 | 25.0 | 50.0 | 4.00 | 1.633 |
| ***Популарност*** | Сигурен | 11.7 | 20.0 | 21.7 | 20.0 | 26.7 | 3.30 | 1.369 |
| | Избегнувачки | 7.1 | 7.1 | 42.9 | 7.1 | 35.7 | 3.57 | 1.284 |
| | Преокупирачки | 20.0 | 0.0 | 30.0 | 0.0 | 50.0 | 3.60 | 1.647 |
| | Плашлив | 25.0 | 0.0 | 50.0 | 0.0 | 25.0 | 3.00 | 1.000 |
| ***Соработка*** | Сигурен | 0.0 | 1.7 | 11.7 | 36.7 | 50.0 | 4.35 | 0.755 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 0.0 | 14.3 | 14.3 | 71.4 | 4.57 | 0.756 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 20.0 | 80.0 | 4.80 | 0,422 |
| | Плашлив | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 25.0 | 75.0 | 4.50 | 0.500 |
| ***Сигурност**** | Сигурен | 0.0 | 1.7 | 5.0 | 20.0 | 73.3 | 4.65 | 0.659 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 7.1 | 92.9 | 4.93 | 0.267 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 0.0 | 20.0 | 20.0 | 60.0 | 4,40 | 0.843 |
| | Плашлив | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 25.0 | 75.0 | 4.75 | 0.500 |
| ***Усовршување**** | Сигурен | 0.0 | 0.0 | 15.0 | 23.3 | 61.7 | 4.47 | 0.747 |
| | Избегнувачки | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 7.1 | 92.9 | 4.93 | 0.267 |
| | Преокупирачки | 0.0 | 0.0 | 20.0 | 0.0 | 80.0 | 4,60 | 0.843 |
| | Плашлив | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 25.0 | 75.0 | 4.75 | 0.500 |

* Вредносни ориентации кои првенствено се насочени кон социјални цели

Покрај релативното учество на оцените, во наведените табели прикажани се и аритметичките средини на процените за секоја вредносна ориентација и соодветните стандардни отстапувања. Наодите кои се однесуваат на примерокот во целина покажуваат дека аритметичките средини на процените преку кои се изразени преференциите за поедини вредносни ориентации како лични

атрибути, се движат од 3,00 (за популарност и сознавање) до 5,00 (за пријатност). Имајќи го во предвид овој интервал, вредносните ориентации според висината на аритметичките средини можат да се поделат во две групи:

- Вредносни ориентации со ***изразито висок степен*** на пожелност ($M \geq 4$);
- Вредносни ориентации со ***средно висок степен*** на пожелност ($3 \leq M < 4$).

Адолесцентите со **СИГУРЕН ОБРАЗЕЦ** на семејна афектвна врзаност ***изразито висок степен*** на пожелност покажале кон следните осум вредносни ориентации: *пријатност, сигурност, усовршување, соработка, помагање, заработувачка, самостојност* и *праведност*. Групата со ***средно висок степен*** на пожелност ја чинат преостанатите четири вредносни ориентации: *влијателност, религиозност, популарност* и *сознавање.*

***Најпосакувани вредносни*** ориентации како пожелни атрибути на личноста кај адолесцентите со **ИЗБЕГНУВАЧКИ** образец на семејна афективна врзаност се: *сигурност, усовршување, помагање, пријатност, праведност, заработувачка, самостојност* и *влијателност*. ***Средно посакувани*** се три вредносни ориентации: *сознавање, популарност* и *религиозност.*

Адолесцентите социјализирани во услови на **ПРЕОКУПИРАЧКИ ОБРАЗЕЦ** на семејна афективна врзаност ***изразито високо*** ги посакуваат следниве вредносни ориентации: *соработка, усовршување, пријатност, сигурност, самостојност, заработувачка* и *религиозност. Помагање, влијателност, праведност, сознавање* и *популарност* се вредносни ориентации кои според висината на аритметичката средина на процените се сместуваат во групата на вредносни ориентации со ***средно висок степен*** на посакуваност.

Адолесцентите социјализирани со **ПЛАШЛИВ ОБРАЗЕЦ** на семејна афективна врзаност искажале ***изразито висок степен*** на посакуваност за следните вредносни ориентации: *помагање, усовршување, сигурност, пријатност, соработка, заработувачка* и *влијателност*. ***Средно посакувани*** како атрибути на личност се вредносните ориентации: *религиозност, праведност, самостојност, сознавање* и *популарност.*

**Табела бр. 2** Резиме од резултатите на анализата на варијанса на оценките на вредносните ориентации дадени од адолесцен ти со различен образец на семејна афективна врзаност

| Вредносни ориентации | Извор на варијабилитет | Сума на квадрати | df | Среден квадрат | F | Значајност |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *Религиозност* | Помеѓу групи | 4,301 | 3 | 1,434 | 1,068 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 112,779 | 84 | 1,343 | | |
| | Вкупно | 117,800 | 87 | | | |
| *Заработувачка* | Помеѓу групи | 0,168 | 3 | 0,056 | 0,064 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 72,912 | 84 | 0,868 | | |
| | Вкупно | 73,080 | 87 | | | |
| *Помагање* | Помеѓу групи | 5,535 | 3 | 1,845 | 2,243 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 69,090 | 84 | 0,823 | | |
| | Вкупно | 74,625 | 87 | | | |
| *Самостојност* | Помеѓу групи | 2,473 | 3 | 0,824 | 0,780 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 88,800 | 84 | 1,057 | | |
| | Вкупно | 91,273 | 87 | | | |
| *Праведност* | Помеѓу групи | 3,831 | 3 | 1,277 | 1,400 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 76,612 | 84 | 0,912 | | |
| | Вкупно | 80,443 | 87 | | | |
| *Пријатност* | Помеѓу групи | 0,793 | 3 | 0,264 | 0,801 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 27,707 | 84 | 0,330 | | |
| | Вкупно | 28,500 | 87 | | | |
| *Сознавање* | Помеѓу групи | 6,643 | 3 | 2,214 | 1,306 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 142,448 | 84 | 1,696 | | |
| | Вкупно | 149,091 | 87 | | | |
| *Влијателност* | Помеѓу групи | 3,239 | 3 | 1,080 | 0,940 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 96,533 | 84 | 1,149 | | |
| | Вкупно | 99,773 | 87 | | | |
| *Популарност* | Помеѓу групи | 1,935 | 3 | 0,645 | 0,330 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 164,429 | 84 | 1,957 | | |
| | Вкупно | 166,364 | 87 | | | |
| *Соработка* | Помеѓу групи | 2,037 | 3 | 0,679 | 1,249 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 45,679 | 84 | 0,544 | | |
| | Вкупно | 47,716 | 87 | | | |
| *Сигурност* | Помеѓу групи | 1,715 | 3 | 0,572 | 1,423 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 33,729 | 84 | 0,402 | | |
| | Вкупно | 35,443 | 87 | | | |
| *Усовршување* | Помеѓу групи | 2,579 | 3 | 0,860 | 1,761 | p>0.05 |
| | Внатре групи | 41,012 | 84 | 0,488 | | |
| | Вкупно | 43,591 | 87 | | | |

Спроведената анализа на варијанса чие резиме го прикажува табела бр. 2 не покажа ниту една стастистички значајна разлика помеѓу аритметичките средини за вредносните ориентации од аспект на образецот на семејна афективна врзаност на адолесцентите. За

ниедна вредносна ориентација добиената вредност за F не ја надмина критичната вредност за соодветниот број на степени на слобода на ниво p=0,05, што значи дека варирањето во групите и меѓу нив е многу мало што не може да се припише на постоење на разлики условени од спецификите на обрасците на семејна афективна врзаност.

## Дискусија

Основната цел на ова истражување беше да ја провери претпоставката дека меѓу адолесцентите социјализирани во различни услови на семејна афективна врзаност постојат разлики во степенот на преференција на одредени вредносни ориентации како пожелни атрибути.

Според Болби, творецот на теоријата на афективна врзаност, квалитетот на моделот на функционирање во рамки на примарната дијада е одреден од мајчината респонзивност на сигналите на детето. Во најголем број на случаи тој останува неизменет во текот на животот. Кај 68% од испитаниците во ова истражување присутен е сигурниот образец на семејна афективна врзаност, 16% од нив се избегнувачки врзани, 11% се преокупирачки врзани и кај 5% од испитаниците утврден е плашлив образец на семејна афективна врзаност.

Според теоријата на афективната врзаност внатрешниот модел стекнат во раното детство е дел од нашата емоционалност и како таков потенцијално влијае на сите идни однесувања, очекувања, чувства па и разочарувања. Без да се исклучи можноста од промена на раниот модел во склад со развојните промени или со променетите животни околности, мнозинството од луѓето растат во услови кои се стабилни, или барем непроменливи, со искуства кои се доследни. На овој начин раноформираните работни модели перзистираат низ годините на растење и влијаат на формирањето на особините на возрасната личност.

Ваквите сознанија беа темел врз кој се очекуваше кај адолесцентите социјализирани во услови на **сигурен образец** на семејна афективна врзаност да постојат поизразени преференции кон вредносните ориентации: ***заработувачка, помагање, самостојност, праведност пријатност, сознавање, соработка, сигурност*** и ***усовршување***, како пожелни атрибути на нивната личност во иднина.

Децата со **избегнувачки образец** на семејна афективна врзаност најчесто израснуваат во крути, одбрамбено фокусирани личности. Штитот кој го подигнале во детството, за да ги преживеат

трауматичните фрустрации, не е соодветен на реалноста, но ги штити од понатамошни повреди. Сликата за другите е обоена со недоверба и поради тоа затвореноста е најсигурен избор. Позитивната слика за себе прави да инвестираат само во себе, но и во оној дел на реалноста за кој веруваат дека нема да ги изневери: во материјални постигнувања. Успехот на материјален план им дава потврда за тоа дека нивното животно определување е поисправно од туѓото. Кај адолесцентите социјализирани во услови на **избегнувачки образец** на семејна афективна врзаност постојат поизразени преференции кон вредносните ориентации: ***религиозност, заработувачка, самостојност, пријатност, сигурност*** и ***усовршување***, како пожелни атрибути на нивната личност во иднина.

**Преокупирачки врзаните деца** и како возрасни остануваат преокупирани со фигурата на афективна врзаност. Нивниот избор е борбата за наклонетост, борбата за внимание. Нагласено незрели, овие деца израснуваат во несамостојни особи, блокирани од бес, неразрешени конфликти и склони кон претерано вклучување во афективниот однос. Зафатени единствено со сопствените очекувања и разочарувања, адекватната процена на реалноста ја препуштаат на значајните други на чии желби или потреби не реагираат, а тогаш кога тоа другите не го сакаат дури и премногу се вклучени. Кај адолесцентите со **преокупирачки образец** на семејна афективна врзаност, во склад со преходно изнесеното постојат поизразени преференции кон вредносните ориентации: ***религиозност, помагање, пријатност, популарност, соработка*** и ***сигурност*** како пожелни атрибути на нивната личност во иднина.

**Плашливо врзаните деца**, доколку израснат без можност од промена на првобитниот работен модел, се очекува и како возрасни да бидат склони кон засилено врзување и контрола. Но, нивната контрола и грижа се манифестираат на поинаков начин отколку кај особите со преокупирачки образец на семејна афективна врзаност. Имаат потреба од врзување, но и страв од истото, така што се наоѓаат во континуиран кофликт, но несвесни за него, своето амбивалентно однесување го оправдуваат со ирационални објаснувања. Нашите очекувања во поглед на степенот на пожелност на одредени вредносни ориентации кај адолесцентите со **плашлив образец** на семејна афективна врзаност се во насока на вредносните ориентации: ***религиозност, заработувачка, помагање, влијателност, популарност, соработка, сигурност*** и ***усовршување***

Освен посредно, основната хипотеза ја проверивме користејќи ги резултатите од едноставната анализа на варијанса (табела бр. 2)

која не покажа ниту една стастистички значајна разлика меѓу аритметичките средини на процените на посакуваност на одредени вредносни ориентации како пожелни атрубути на личноста во иднина, од аспект на образецот на семејна афективна врзаност на адолесцентите. Поинаку кажано, не постојат разлики во степенот на преференција на вредносните ориентации кои се условени од образецот на семејна афективна врзаност. Раководејќи се од овие наоди нашата основна хипотеза дека постои разлика во преференцијата на вредносни ориентации, како пожелни атрибути на личноста, кај адолесцентите социјализирани во услови на различна семејна афективна врзаност, се отфрла.

Добиените наоди гледани во целина ни дозволуваат единствено да заклучиме дека сликата за себе во иднина која ја имаат адолесцентите со различен образец на семејна афективна врзаност, во многу поголема мера е слична отколку што е различна. Да водат пријатен и весел живот, да имаат постојана и сигурна тимска работа, континуирано да се усовршуваат, но и да помагаат на другите – така пред сѐ, размислуваат за себе денешните адолесценти. Значи, покрај тенденцијата кон лична добросостојба адолесцентите себе си си припишуваат и атрибути кои говорат за интензивен социјален ангажман. Ваквите наоди се многу слични со оние кои ги добил Хавелка (1995), во истражувањето спроведено за да се испита преференцијата на вредносни ориентации кај српските адолесценти во контекст на сликата за себе во иднина.

Овој заклучок нѐ прави посвесни за моќта на она што се случува надвор од семејниот круг и директно влијае на изградбата на вредносниот систем на младите: во училиштето, во врсничките групи, на улица, во низа секојдневни животни ситуации. Можеби навидум прикриено, но секако присутно е и неизбежното влијание на средствата за масовна комуникација и доминантната општествена клима. Сепак, кога зборуваме за вредносни ориентации и афективна семејна врзаност кај адолесценти не треба да се испушти од вид чувствителноста на периодот низ кој минуваат како и достапноста на ситуациите во кои адолесцентите ќе откријат феномени како што се самоактуализација и општествено ангажирање, кои потоа ќе ги насочуваат нивните мисли, чувства и акции. Семејството и општеството се подеднакво одговорни за креирањето на таквите ситуации.

(Рецензент: *доц. д-р Елена Ачковска-Лешковска*)

## ЛИТЕРАТУРА

Hajnić, H. http://darhiv.ffzg.hr/52/01/ HrvojeHajnić.pdf (2002).

Havelka, N. (1995). *Vrednosne orientacije učenika i njihova očekivanja od budučeg zanimanja.* Psihološka istraživanja 7. Beograd: Insitut za psihologiju.

Havelka, N. (2000). *Učenik i nastavnik u obrazovnom procesu.* Beograd: ZAVOD ZA UDŽBENIKE I NASTAVNA SREDSTVA.

Rot, N. (1999). *Osnovi socijalne psihologije.* Beograd: ZAVOD ZA UDŽBENIKE I NASTAVNA SREDSTVA.

Rot, N. (1987). *Psihologija grupa.* Beograd: ZAVOD ZA UDŽBENIKE I NASTAVNA SREDSTVA.

Stefanović-Stanoević, T. (2004). *Emocionalni razvoj ličnosti.* Niš: PROSVETA.

Tadić, N. (1981). *Psihijatrija detinjstva i mladosti.* Beograd: Naučna knjiga.

Todorović, J. (2006). *Kvalitet roditeljstva, istorijski osvrt i uslovi od kojih zavisi.* Monografija „PORODICA I POSAO – izazovi i mogučnosti“. Niš: Filozofski Fakultet.

Hajnić, H. http://darhiv.ffzg.hr/52/01/ HrvojeHajnić.pdf (2002)

Violeta ARNAUDOVA

# FAMILY AFFECTIVE RELATION OF THE ADOLESCENTS AND THEIR VALUABLE ORIENTATIONS

## Abstract

*This paper presents findings gained from a research performed for determining the possible difference in the preference level of the valuable orientations as desirable personality attributes, between adolescents with a different form of family affective connection. The research has been conducted on a suitable sample of 88 examinees at 14 and 15 years of age from Skopje. The family affective connection has been measured by a Questionnaire for evaluation of the family affective connection, while the preference of certain valuable orientations has been measured by the V-PAL scale.*

*The result processing was made by using descriptive statistics procedures, and ANOVA was used for testing the basic hypothesis. Based on the received results, it can be concluded that the basic hypothesis of the research has been partially confirmed. Although the adolescents are socialized with a different form of family affective connection, they show much more similarities than differences in the valuable orientations.*

***Keywords***: *AFFECTIVE RELATION, VALUES, VALUABLE ORIENTATIONS.*